

## ШТО РЕКОЈА ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ЗА ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН

На промоцијата на делото ***„Македонците во САД и во Канада“*** што се одржала на 16 април 2003 година во Народната и универзитетска библиотека „Свети Климент Ох-ридски“, во Скопје, свое излагање под наслов „И Катин како Мисирков, предупредува!“ имал академик Блаже Ристовски. Тој во своето излагање го истакнал следното:

Минатото столетие се карактеризира со големо индиви-дуално и се-мејно раселување на луѓето. Токму Македонија ја снајде судбината да ја за-губи и територијалната и етно-историската целост, да создаде најпосле своја држава на едно делче од својата земја, но како народ Македонците да живеат во мнозинство надвор од сопствената државно-консти-туи-ра-на татковина. Славе Катин како мото на својата најнова книга ги по-ста-вил знаменитите зборови на Џон Кенеди со прашањето: Што сме сто-ри-ле ние за татковината?

За жал, ние направивме огромно многу, и што е уште пожа-лно, и на--таму ја интен-зивираме таа работа: крвавевме за сопствената сло-бо---да, се боревме за својата држава, но дозволивме други да ни ја раководат бор-бата, други да ни ја кројат националната програма, а ние да бидеме са-мо егзеку-тори на сопствената судбина. Кренавме најмногу осло-бо-ди-тел-ни вос--танија на Балканот, но секогаш со недокрај јасно поставени цели и за-дачи. Нашите водачи се поставија во услуга на туѓи перспективи. Нај-по-сле, време е да си го поставиме нашето огледало пред нас и да по-глед-неме: Каде и зошто сме оделе во новата историја и каде сме стиг-нале?

Се заканивме и годинава да ја одбележиме стогодишнината од ма-кедонската државност, заборавајќи дека во последниве децении нај-све-чено, со сите државни почести прославивме неколку стогодишнини на ма-к-едонската државност! Но, уште не сме кадарни државно да се орга-ни-зи-раме, па само парцијално, одвреме-навреме ќе се појави по некоја (по-ве-ќе лична или институционална) иницијатива со заглушен глас за сто-годишнината. И, пак, недвосмислено, недржавнички, сим-пто-ма-тично ука-жу-вачки.

А токму пред сто години големиот и видовит Ми-сир-ков нè пре-ду-преди: Македонци, освестете се и обединете се околу една нацио-нал-на програма, оти инаку нè загрозува сигурното раз-гра-бување и уништу--ва-ње! Ние сè уште изгледа не   умееавме да го слушнеме тој пре-ду-преду-вач-ки глас.

Наши луѓе го помогнаа и го потпишаа делењето на народот и тат-ко-вината. Наши лидери дозволија да бидат водени во судбоносните ис-то-риски моменти. И денеска - наши умови, пак, се ставија во туѓа услуга и во служби на силните на денот со наши (макар и правно неповикани и умствено некомпетентни) раце го потпишаа и го изгласаа раздр-жа-ву-ва-њето на македон-ската држава. Па каде да ги бараме виновниците?

Го но-севме светот со сопственото тело, а ја оставивме разнебитена тат-ко-вината, секојдневно да не се празни и да не се однародува, други сто-пани да не се одомаќинуваат... Ќе даде ли некој конечен отчет и за своето благоутробие?

А Славе Николовски-Катин денеска ни поднесува еден пре-кра-сен регистар на „успесите“ на раселените Македонци во САД и Канада. Овој -пат не и за оние во Австралија, Нова Зеландија и по цела Европа... И тој, како Мисирков пред сто години, инди-ректно ни укажува: Македонци, свестете се, оти ќе нè снема!

Славе Катин ја проследува „иселеничката голгота“ како судбина на Македонија, зборува за историјата, но и за сегашноста, за маке-дон-ското организирање во минатото, но и за она злокобно дезорганизирање денеска, кога туѓи прсти џбуркаат во душите на Македонците и овде и во дијаспората. Катин пишува за македонските цркви и манастири, но и за оние „под туѓа јурисдикција“.

Пишува за успесите на Македонската пра-вославна црква во организација на црковно-духовниот живот на исе-ле-ните Маке-донци, но со директна или индиректна рефлексија на она што ни се случува во Светиклиментовиот храм надвор, ама и овде, дома... Има ли освестување и осознавање што ни се случува?

Славе Катин не е единствен на ова широко поле. И пред него и со него има и други македонски истражувачи, опишувачи и патриоти што веќе оставиле свој придонес во општата културно-национална историја на Македонците во светот. Но, токму тој Славе Катин, со оние 20-тина нам познати разновидни репрезентативни изданија, веројатно во овој момент е најконти-нуираниот и најсеопфатниот обопштувач на вистинската слика на македонското иселеништво и не само во САД и Канада.

Можеби и други ќе се зафатат така вниматено за да ги проследат и македонските иселеници во Австралија, Нова Зеландија, Европа, но и во Јужна Америка, па и по другите континенти. Светот треба да знае за нас не само овде, во оваа држава што ние со своја крв ја создадовме и сè уште велиме и ја сметаме македонска. Особено со изданија како ова, пара-лелно на ма-ке-дон-ски и на англиски и со многу автентични, главно, колоритни илу-стра-ции. А на задната корица дури и картата на Македонија од март 1913 го-дина од монументалниот национален деец Димитрија Чуповски. Колку за да се знае. Па нека им е честита и оваа историска скица за Маке-донците во САД и Канада на неуморниот Славе Катин и „Македонска искра“ нека бувне во силен пламен за да ја освет-лува вистината за Македонците во светот истакнал академик Блаже Ристовски.

***Продолжува***



**ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**